Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 0801-188/11
29.12.2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-188 од 23.07.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против [redacted] Федерација на Македонија, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на спортот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 29.12.2021 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на спортот од страна на [redacted] Федерација на Македонија кон [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-188 од 23.07.2021 година, од подносителот [redacted] за сторена дискриминација по основ на лично својство и општествен статус во областа на спортот од страна на [redacted] Федерацијата на Македонија.

Согласно наводите од претставката, подносувачот тврди дека дискриминацијата започнува кога Карате клуб [redacted] од Скопје покренал иницијатива до Одборот за доделување на државна награда ,,8 -ми Септември“, за животно дело за главниот тренер во клубот м-р [redacted] согласно правилникот. Во правилниците од минатите години било предвидено добитникот да има постигнато врвни спортски резултати на официјални, меѓународни, европски и светски карате првенства како и на европски и светски универзитетски првенства, со кои се дава исклучителен придонес за развој на спортот во Република Северна Македонија. Ваквата иницијатива била одбиена од страна на Извршниот одбор на [redacted] Федерација на Македонија со образложение дека предложениот кандидат бил под активна дисциплинска мерка, изречена од страна на Дисциплинска комисија. Во претставката подносителот тврди дека постапката за добивање на државната награда „8 – ми Септември“ не се спроведува на начин како минатите години. Според тврдењата на подносителот, неговите колеги кои веќе се имаат

здобиено со наградата, истата ја стекнале на начин различен од постапката предвидена за 2021 година. Од таа причина, [redacted] тврди дека е ставен во нееднаква положба со колегите кои претходно ја стекнале награда и дека во постапката за доделување на наградата е дискриминиран.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.08.2021 година испрати Известување бр. 0801-188/2 за произнесување по наводите од претставката до Карате Федерација на Македонија. На 23.11.2021 година испрати и ургенција со број 0801-188/4 до [redacted] Федерација на Македонија за произнесување по претставката.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно надлежностите од член 29, став 1 од ЗСЗД го задолжи известителот и член на КСЗД, Лимко Бејзароски да изврши непосреден увид во просториите на [redacted] Федерација на Македонија на ден 15.12.2021 година, за кој е составен записник.
При увидот беа побарани законските и подзаконските акти кои ја ограничуваат или оневозможуваат кандидатурата на [redacted] поради изречена дисциплинска мерка, бидејќи во записникот од седницата на [redacted] Федерација на Македонија не е точно наведено со кој акт е оневозможена кандидатурата.

На 20.12.2021 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од [redacted] Федерација на Македонија како одговор на бараните податоци. Во одговорот се негира секаков дискриминаторски однос кон предложениот кандидат, наведени се повеќе факти и докази, меѓу кои изречената дисциплинска мерка од страна на Дисциплинска Комисија на [redacted] Федерација на Македонија, поради која [redacted] не можел да биде предложен кандидат за добивање на наградата „8 – ми Септември".

На ден 24.12.2021 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го задолжи членот Лимко Бејзароски да изврши непосреден увид во просториите на Агенцијата за млади и спорт од каде беше побарано објаснување за законската регулатива која ја регулира материјата за добивање на предметната награда.
Од страна на Агенцијата за млади и спорт беше објаснето дека награда од овој тип за 2021 година воопшто не е доделена, не е креиран правилник за добивање на награда за 2021 година и дека не е формирана комисија за доделување на наградата. Според тврдењата на Агенцијата за млади и спорт, наградата воопшто не е доделена, ниту ќе се додели за тековната година, додека регулативата за доделување на таква и други награди за 2022 година ќе бидат изработени во месец април и ќе бидат јавно и транспарентно истакнати и видливи за јавноста.

Со оглед на фактот што наградата „8 - ми Септември“ за 2021 година не била доделена, околностите кон кои посочува подносителот на претставката не го сторуваат веројатно тврдењето дека врз него е сторена дискриминација. За овогодинешното доделување на оваа награда не е креиран правилник од страна на Агенцијата за млади и спорт, ниту е формирана комисија за доделување на наградата за животно дело „8 – ми Септември“ за 2021 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Следствено на тоа, не постои основ за понатамошно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација по основ на лично својство и општествен статус во областа на спортот од страна на [redacted] Федерација на Македонија врз подносителот [redacted]

Скопје
29.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

[redacted], 1000 Скопје
[redacted], 1000 Скопје